**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 август 2004 година**

Седницата се одржа во сала1на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратениците Андреј Жерновски, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Рафет Муминовиќ, Иван Стоилковиќ, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Зоран Крстевски, Теута Арифи, Али Ахмети, Мандух Тачи, Аднан Ќахил, Љубисав Иванов Ѕинго, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

Бидејќи се присутни 60 пратеници, молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за локалните избори.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста на предлогот овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор претставникот на Владата.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Итноста поради која предлагаме донесување на измени на законот за локалните избори се состои во тоа дека во тек е во собраниска расправа пакетот закони за децентрализација, кои очигледно не ќе можат да се донесат во рокот определен за закажување на изборите, а имајќи предвид дека новите локални избори задолжително треба да се одржат согласно новата законска регулатива односно новата територијалната организација на општините во Република Македонија, предлагаме Собранието по итна постапка да го донесе овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници.

62 гласале за предлогот, нема воздржани, 6 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници.

63 гласале за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог  на закон за дополнување на Законот за локалните избори.

Предложениот дневен ред го ставам на  гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници.

65 гласале за, воздржани нема, 3 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред

Предлог  на закон за дополнување на законот за локалните избори.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Согласно точка 1 од Амандманот ЏВИ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

За збор се јави господинот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Согласно член 83 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија барам Собранието да се изјасни да може пратеникот да одлучува да говори само еднаш во траење од 10 минути, а координаторот на пратеничката група и предлагачот на материјалот во траење од 15 минути.

Барам поддршка од 10 пратеници согласно Деловникот.

(Пратениците креваат рака).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема потреба да ги броиме, има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот на г. Јанаќе Витановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници.

57 гласале за, 1 воздржан и 9 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално бара збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза еден час.

(Пауза од 10,10 часот).

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 11,10 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор господинот министер за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Неодамна Собранието на Република Македонија ги усвои последните измени на Законот за локални избори со кои како држава ги создадовте вие сите предуслови за одржување на локалните избори во 2004 година.

Со Законот за локални избори односно со Законот за избор на членови на советите на единиците на локалната самоуправа и градоначалници во општините и градот Скопје е утврдено со последните измени дека изборите се спроведуваат секоја 4 година во денот недела третата седмица на месец октомври.

Исто така согласно уставните амандмани и Рамковниот договор во тек е во собраниска расправа донесувањето на пакетот закони за децентралицација на власта, поточно двата клучни закони кои се поврзани со локалните избори, а тоа е Законот за новата територијална организација на Република Македонија и Законот за градот Скопје.

За да се овозможи спроведување на локални избори според новите закони потребно е да се направат измени во Законот за локални избори кои се однесуваат на времето за спроведување на наредните локални избори.

Првите наредни локални избори задолжително треба да се спроведат по донесувањето на новите закони за територијална организација на Република Македонија и Законот за градот Скопје, а кои би биле во согласност со Рамковниот договор, поточно во согласност со новите амандмани на Уставот на Република Македонија.

Зошто ова го велиме вака?

Верувам дека сите сте свесни и знаете. Погубни се тезите дека може и по донесување на амандманите на Уставот на Република Македонија овие први локални избори би можело да се распишуваат согласно постојната законска регулатива. Зошто го велам ова?

Од причина што едноставно тоа е невозможно. Од причина што тоа едноставно е противуставно, затоа што правната регулатива според која ќе биде организирана новата територијална организација на Република Македонија и градот Скопје во себе согласно Уставот на Република Македонија треба да биде донесен со

мнозинство гласови од присутните пратеници во Собранието, при што задолжително треба да има и мнозинство гласови од припадниците на заедниците. Тоа значи дека сегашната законска регулатива ги нема овие уставни постулати. Тоа значи дека согласно новиот Устав сегашната регулатива тој легитимитет го нема.

На крај господа пратеници би сакал да Ве замолам, а верувам дека за сите пратенички групи ќе биде прифатлив овој предлог за изменување и дополнување на Законот за локални избори со тоа што рокот за одржување на изборите ќе се помести за месец дена, а од друга страна ќе бидат донесени законите за територијалната организација и Законот за градот Скопје.

Од тие причини неопходно е донесување на овие измени а потоа и пакетот закони за децентрализација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас се јавив процедурално.

За да нема забуна, се јавувам од име на пратеничката група по овластување на координаторот. Овластувањето го имам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Донесете ми го писменото овластување.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ќе Ви го донесам, ќе дојде координаторот ќе Ви го пренесе.

Тоа е една работа.

Втора работа, претседателе во постапка сме на поднесување на амандмани, а сакаме и експозето да го прочитаме, па бараме уште половина час пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не може, веќе ја искористивте паузата.

Молам кој бара збор.

Има збор госпоѓа Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Сметам дека апсолутно нема потреба од одложување на локалните избори бидејќи процесот на децентрализација може непречено да се одвива бидејќи во процесот на децентрализација основен принцип не е територијалната организација, што значи сите други останати закони може да ги донесеме во една временска рамка и истите да започнеме да ги имплементираме според постоечкиот закон за територијална организација односно според постоечките 123 општини. Значи, според нас Законот за локални избори апсолутно нема потреба да се изменува, изборите можат да се одржуваат односно можат да се одржат навремено според постоечкиот закон за територијална организација односно според 123 постоечки општини.

Според мене имате причини зошто Владата бара одложување на локалните избори.

Првата причина е тоа што СДСМ и ДУИ 40 дена не можеа да се договорат каков модел на територијална поделба ќе му понудат на Собранието на Република Македонија и во тие 40 дена навистина изгубивме денови кои можевме да ги сработиме во Собранието на Република Македонија за да на крајот ни се понуди еден апсолутно непринципиелен модел кој предизвикува огромно незадоволство кај јавноста, кај граѓаните на Република Македонија. Беше дезавуирана јавноста, граѓаните, 41 референдум на кој граѓаните го искажаа своето мислење во однос на понудениот закон за територијална поделба. Експертите исто така беа занемарени и сето тоа предизвика огромно незадоволство кај граѓаните, кај целокупната македонска јавност што драстично влијаеше за падот на рејтингот на владеачката коалиција односно најголемата владеачка партија СДСМ.

Со понудениот закон за одложување на локалните избори односно со пролонгирање на овој временски рок владеачката коалиција се надева дека во текот на еден месец, плус еден месец народот, граѓаните ќе заборават, незадоволството ќе спласне, ќе се дефокусира вниманието на јавноста со некои други жешки теми во меѓувреме власта што ќе ни ги сервира, а за тоа знаеме дека навистина има добри механизми да го направи и се надева дека на тој начин рејтингот повторно ќе го достигне она задоволително ниво што им е потребно за локалните избори.

Значи, сметам дека апсолутно нема потреба од одложување на локалните избори. Уште еднаш кажуваме дека процесот на децентрализација може неспречено да се спроведе според постоечкиот Закон за територијална организација односно

според постоечките 123 општини. Од тие причини јас ќе гласам против донесување на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски имате збор, а потоа нека се подготви господинот Блаже Стојаноски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Значи во неполни два месеци имаме два пати измени на еден ист закон за изменување и дополнување на законот за локалните избори. Едниот беше кога се намалуваше цензусот итн и сега е за одлагање на локалните избори. Да бидам искрен очекувам дека нема да биде ова крајно, очекувам дека во наредните денови можеби месеци ќе следи уште еден ваков закон, само се прашувам кое време ќе се погоди, дали уште за месец или нешто повеќе.

Самиот предлог на овој закон е еден член, се пролонгираат изборите за месец дена, нешто што одамна беше најавувано, нешто што уште кога почнаа преговорите во владината коалиција по однос на законот за територијалната поделба се најавуваше меѓутоа мудро се криеше или мудро се надеваше дека некој закон така лесно ќе помине во Собранието.

Значи, однапред да кажам дека самиот предлог е неодржлив, затоа што има призвук на прејудицирање на нештата. Како владино мнозинство се надевате дека месец дена ви е доволно за тој период, со оглед што во образложението овде во Законот што се потпира на Рамковниот договор и на Законот за територијална организација и за Градот Скопје и вие се надевате дека месец дена ви е доволно, сметајќи дека Собранието во секој случај ќе ги изласа тие два закони. Тука е нелогичноста и тука е проблемот. Се на се да се анулира расположението на народот, да се елиминира она незадоволство кое народот го истакнува. Да се елиминираат сите референдуми, кои што во 41 општина граѓаните кажаа дека ваков закон не е прифатлив, да се анулира тоа што до 23 август има рок за поднесување, тече постапката за референдум на цела територија и да не се чека каков ќе биде исходот, тукумислите дека за еден месец работата ќе се заврши. Од една страна дека мора локалние избори да поминат според новите закони. Овде министерот кажува дека нема логика изборите да се одржат според старите закони, а јас не гледам зошто нема логика. Апсолутно, она што го кажавте и овде во образложението

од законот и она што го слушнав, локалните избори со Рамковен договор ама блага врска немаат. Тука не ја гледам причината зошто изборите да не се одржат навреме. Тоа е едната работа.

Втора работа, да се прејудицира дека локални избори ќе се доржат според постапка и врз основа на некој закон кој сеуште не е донесен е надвор од здрав разум. Ние, кога носиме закони, кога утврдуваме постапка, кога објавуваме избори се базираме и се потпираме на веќе постојните закони. Не можеме да тврдиме, сега ќе ги плоронгираме изборите, ќе ги менуваме законите, затоа што чекаме некаков си закон да се донесе. Мислам тоа е надвор од правна пракса. Тоа е она по однос на она зошто барате измена.

Сега, каде е суштинскиот проблем? Суштинскиот проблем е, почитувани колеги, токму во владината коалиција. Зарем сите оние договарачи, зарем Владата не знаеше дека не чекаат локални избори. Владаа добро знаеше и поднесе предлог на закон со кој што го конкретизира датумот и тоа го расправавме пред неполн месец, два. Тогаш се утврди дека изборите треба да бидат во третата недела во октомвир. Од каде го најдовте тој оптимизам кога го утврдувавте тој датум. Потоа, самата Влада, самите коалициони партнери во Владата, увиде дека работата не оди лесно. Потребни беа долги преговори, требаше цела јавност да се малтретира со што ќе биде ако биде, кој колку ќе попишти, колку колку ќе даде или кој колку ќе одземе, за на крајот да излезе 3:0, а ова е веќе 4:0 со одлагањето на локалните избори. Сето тоа требаше Владата да го земе предвид, ако претходно нормално немало договор или беше тоа една цел или пак втора цел е да се ставиме сите овде како пратеници во оној временски теснец, каде што според Деловникот месец август не е работен месец и пратениците треба да одат на годишен одмор, па да се донесе законот набрзина. Меѓутоа, се случи тоа што се случи, не само што почитувани колеги, тешко дека ќе одите на одмор, туку убеден сум дека и локалните избори според овој закон нема да се одржат во утврдениот термин. Зошто? Сите сте сведоци дека, знаете дека сме дојдени до некој си амандман, има уште амандмани, по законот ќе има уште кој знае колку расправа и она што е најбитно, ако зборуваме за суштинска децентрализација, тогаш оние закони кои што се од финансиска природа, за финансирање на единиците на локалната самоуправа, дури немате предвид да ги разгледувате во овој момент или некаде после одморите, ако воопшто ќе ги има. Сето ова значи дека се е врзано со некое време, кое за ењден месец ништо не значи. Ве убедувам дека третата седмица од месец ноември тешко ќе

може да се одржат локалните избори, ако вака се оди. Што ќе се случи ако постапата за референдум односно ако се соберат потписите. Тогаш што ќе правиме? Затоа, ако веќе Владата се одлучила на ваков чекор, требало да ги измери сите релевантни податоци, поточно да измери до каде може да се базира оптимизмот на Владата, а до каде е реалната состојба, дали за еден месец нешто ќе се направи. За два месеци сигурно дека не ќе можат да се одложат, затоа што ќе паднат во декември, а треба да ја дочекаме и нова година дома, сигурно нема да работиме и тогаш, така што ако веќе се решила Владата, зошто тој рок не е нешто подолг, па да претпоставиме да се пролонгираат за напролет. До тогаш сигурно дека ќе го донесете законот. Зашто, вака како што тргнало, тешко. Значи, оправдувањата, образложенијата кои што ги искажуваат овде во законот, не држат место. Ако сте сакале навремени избори, сте можеле да го направите законот во она време кога требало навреме да се поднесе законот за територијална организација, а вака во оваа ситуација со еден месец не добивате ништо, затоа што јас сум убеден дека тие закони врз основа на кои се потпираат локалните избори, нема така лесно да поминат во Собранието. Поточно, не од што некој не сака, меѓутоа, самата работа е обемна, има уште преку 100 амандмани и до колку отидеме на годишен одмор, останува во септември да расправаме и јас незнам кога ќе се одржат изборите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Три минути реплика за г-динот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Г-дине Караџоски, веднаш ќе почнам со крајот на вашата дискусија каде што ја кажавте сета апсурдност на вашето противење и контрадикторност на вашето залагање за одлагање на изборите. Имено, велите дека со еден месец не се добива ништо ако се одложат изборите, а се залагате да се одложат за шест месеци. Тогаш,кој е вашиот став. Од една страна се залагате дека можат овие избори да се спроведат и по стариот закон со  123 општини, а не се противите на одлагање и сугерирате одлагање на шест месеци. Значи, целата оваа работа мене ме асоцира дека поради ваши партиски проблеми и потреба за некоја консолидација внатре во вашата партија, што не сакам да  коментирам, вие вината ја префрлате на власта и за наводно нарушениот рејтинг. Ние не се плашиме од граѓаните, туку со сиот ризик со нашите аргументи, со нашиот концепт и нашата политика ќе излеземе на избори пред граѓаните. Таму граќаните ќе одлучат. Така што, не ја манипулирајте јавноста

дека наводно некој се плаши да излезе на избори. Напротив, точно е дека законот за територијална организација не е еднистveniот закон од пакетот на децентрализацијата, меѓуота едноставно нема реформи, нема суштинска децентрализација, бидејќи општините со останатиот пакет на закони добиваат поголем број на надлежности и тие надлежности, старите општини кои се покажаа 123 нефукционални односно не можат да опстанат, не можат да ги спроведат во зголемен обем, како што тоа го предвидува новиот закон. Тоа е суштината на децентрализацијата. Од таа причина не може да се распишат избори по стариот закон со 123 општини. Затоа, нас ни е потребна реформа.

Понатаму, велите за референдумот, што ќе се случело. Значи, вие обвинувате дека прејудицираме нешто со овој закон, а вие всушност прејудицирате со референдумот, што ќе се случело со референдумот. Ништо нема да се случи. Ако успее референдумот, има законска процедура, кажавме пратениците, а и Владата дека ќе ги почитуваме законските и уставните одредби и се знае што ќе се случи. А, вие од каде знаете каков ќе биде референдумот, па да се чекал референдумот. Тогаш, имаме реформи за децентрализација, не можеме да чекаме, за тоа што вие така сакате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Краџоски, повелете една минута контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако референдумот успее, како тогаш ќе ги спроведуваме изборите, по кој закон. Тоа е едното прашање.

Второ, г-дине Кондарко не се плашиме и ние да излеземе на избори, апсолутно тоа не не плаши особено кога имаме работа со еден ваков СДСМ. Меѓутоа, сакаме да ви дадеме до знаење дека лесно овде во Собранието како пратеничка група нема да се предадеме во смисла на законот, оние два закони кои што се најавени. Јас ве убедувам дека расправата ќе трае и дека сигурно ова што сакате за еден месец буквално ни кажувате дека треба да завршиме порано, ве убедувам дека сигурно нема да заврши, така што и овие избори за еден месец вие ќе треба да ги одлагате. Инаку, ние не сме проблем да се спротивставивме со СДСМ, ако сакате уште утре.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски, потоа нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Ова е дефакто признавање дека Владата не ги достави навреме законите за децентрализација пред ова Собрнаие. Ова е признавање дека обврските од Рамковниот договор на кој се повикува Владата, не ги исполни. Затоа што, законите за децентрализација требаше до денес да бидат донесени и тогаш ќе немавме ваква точка на денешниот дневен ред. Сепак, ситуацијата е таква каква што е и затоа кога се обвинува опозицијата дека таа многу дискутирала за законот за територијална организација, треба да се сфати дека опозицијата не дискуртира само заради тоа што таа така мисли, туку и заради тоа што така се изјаснија граѓаните, жителите на општините преку локалните референдуми, така се изјасни целокупната македонска јавност. Тоа се виде и вчера по однос на подршката која што ја имаа официјалните претставници на Владата и претседателот.

Основното прашање е зошто смета да одржат овие избори според сегашната територијална организација. Ние имаме важечки закон за територијална организација и тој е навистина е еден нормален закон во кој што се потврди дека тие општини функцираа оввие осум години. Ако веќе треба да извршиме децентрализација, тогаш таа децентрализација не треба да се сфати како цртање на општински граници согласно нечии политички потреби и реализација на одредени политички цели, туку моеже да се зборува само и исклучиво за суштинско пренесување на ингеренциите од централно на локално ниво, односон од Владата на локалните власти.

Факт е и една друга ситуација. Тоа е дека сега локалната самоуправа, не претставува локална самоуправа, туку претставува локална власт. Факт е дека со ингеренциите кои што се предвидени за градоначалникот и советите на општините во законот за локална самоуправа, дефакто, е утврдено дека тие имаат огромно влијание во реализацијата на сите оние државни ингеренции, кои сеуште ги има Владата на Република Македонија . Значи имаме потреба од цртање на општински граници, во кои што ќе имаме мини влади и кои ќе решаваат во рамките на тие општински граници.

Од тука, се поставува или се појавува сомнежот дека децентрализацијата вака како што е предложена и аргументот со кој што се предлага одлагањето на изборите со овој предлог на закон, не претставува ништо друго, туку начин да сње реализираат договорените политички дилови, кои што се случуваа и во Маврово и

кои случуваат постојано по однос и на многу други прашања, како што беше Тетовскиот универзитет итн. Значи, ова претставува еден континуитет на функционирање врз основа на договор, а не врз основа на Уставот на Република Македонија и врз основа на функционална професионална администрација, која што ќе значи вистински инструмент за реализација на функционирањето на една правна држава за каква што се стреми Република Македонија . Сето тоа се појавува под плаштот на Рамковниот договор, за кој што дефакто значи ревизијата која е предвидена со него на општинските граници, не може да се смета за суштински дел од процесот на децентрализација во Република Македонија . Затоа што, ревизијата значи проверка, значи контролен преглед, а не значи целосно кроење на нова карта на Република Македонија на општинските граници. Истовремено, ако се има предвид, уште еднаш ќе повторам, волјата на граѓаните, власта не е за да ги задоволува сопствените политички потреби, туку да ја изразува волјата на оние кои гласале за неа.

Меѓутоа, ова одлагање има и еден друг момент, а тоа е фактот дека Владата на Република Македонија , коалицијата на власт, коалиционите партнери драстично имаат нарушен рејтинг во овој период. Значи, потребно е малку време за да се испеглаат тие проблеми и да се доведе ситуацијата под некаква контрола, со цел да може да се излезе и цензусот кој што беше предложен со донесувањето на законот за локални избори од 30% во првиот изборен круг, со создавањето на едена апатнична атмосфера кај граѓаните, бидејќи се работи за една огромна немаштија, огромна невработеност, огромна сиромаштија, огромни економски проблеми, кои директно ја засегаат ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојановски, вратете се на предлогот на законот. Оставете ги зборовите сиромаштија и тие работи.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зарем тоа не е нарушување на рејтингот. Јас зборувам за мотивите за предлагање на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ги разбирам интерпретациите, договор ваков, но сиромаштија и тие други економски аспекти, оставе те ги. Сега, повелете зборувајте за законот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ако нарушувањето на рејтингот на Владата не го сметате за релевантна пртичина за поднесување на овој предлог, јас незнам како на друг начин да го објаснам зошто е нарушен тој предлог или вие мислите само дека се работи за новиот предлог за територијална поделба на Република Македонија , кој што драстично влијаеше на нарушувањето и паѓањето на рејтингот. Меѓутоа, секако , има и многу други фактори кои што се однесуваат на падот на индустриското производство итн. Меѓутоа, бидејќи времето ми е ограничено за дискусија на 10 минути, а сигурен сум дека претседателот доследно ќе го почитува тоа, сакам да кажам уште една реченица, која што ќе ја цитирам од образложението кон предлогот за донесување на овој закон, кој што го имаме добиено од Владата на Република Македонија . Таа реченица е следната : “Неопходно е донесување на пакетот закони за децентрлализација, а потоа распишување и одржување на избори”. Дали вие прејудицирате одлуки на Собранието. Дали Владата на овој начин признава дека Собранието е целосно под контрола на Владата. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прв се пријави г-динот Аднан Јашари за реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе,

Во континуитет еден дел од македонската опозиција се повикува на она дека Охридскиот договор се повикува на т.н. ревидирање на општинските граници итн. и дека немало потреба од предлагачот да предлага нов закон за измена на локалната самоуправа. Но, сепак и послединот дискутант го потенцираше ова прашање, за што јас мислам дека тоа не е така. Ова го велам, затоа што Охридскиот договор многу јасно говори за ревидирање, не само за општинските граници, туку и за ревидирање на законот за локална самоуправа.

И истиот термин за ревидирање го предвидува и за локалната самоуправа во точка 3, г-дине Блаже Стојаноски се гледа тоа но вие не го гледате, што значи дека под истиот термин се предвидуваат и за едниот и за другиот закон. Но доколку тоа е така, но мислам дека не треба да има дилеми, тоа што станува збор за Охридксиот договор, тогаш се поставува едно прашање до г-динот пратеник, зошто кога бевте вие на власт донесовте еден нов закон за локална самоуправ, доколку зборот ревидирање не значи промена на сето она што е закон за локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелте една минута г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Точка 3-1 од Рамковниот договор ќе биде усвоен ревидиран закон за локална самоуправа со кој ќе се зајакнат овластувањата на избранит елокални претставници и значително ќе се зголемат нивнит енадлежности во согласност со Уставот и Европската пвоелба за локална самоуправ. Почитувајки ја Европската повелба за локална самоуправ, прифатете ги референдумите на општините, а истовремено немојте де изедначувате нешто што е многу јасно кажано по однос на законот за локална самоуправ, а тоа е зајакнувањето на избраните локални претставници изголемвување на нивните надлежности. Ова е дел од Рамковниот договор кој што ви го прочитав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Томиќ имате три минути реплика.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Од дискусијата на почитуванито колега Стојаноски јаа намалку што сум слушнал за Предлог законот за локални избори. Колегата Стојаноски навистина зборуваше многу, меѓутоа,не кажа ништо од она што го кажа. Произлегува дека тој се залага за старито термин од постојниот Закон за локалните избори. Сега кај мене се создава една голема дилема, бидејки само пред 5 минути стручните служби на Собранието ни доставија амандман од група пратеници меѓу кои и колегата Блаже Стојаноски во кој амандман во членот 1  по новиот член 71-а зборовите “ноември 2004” да се заменат со зборовите: “април 2005 година”. Ќе го прашам гласно и пред сите дали тој се залага за овој термин кој е во постојниот Закон за локални избори, или останува на својот амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете контра реплика г-дине Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Томиќ, јас се залагам за одржување на локалните избори во редовниот термин согласно на постојната територијална организација на Република Македонија. Меѓутоа, онаа карта што вие ја цртате за општините, тоа значи дека треба да се одржи референдум, да се почекаат резултатите од тој

референдум, а за тоа е неопходно да помине повеќе време од овие месец дена кои што вие ги наведувате и ги предлагате во законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелте г-дине Голомеов имате три минути реплика.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам г-дине претседателе, неколку денови по итна расправа во законот за територијална поделба на Република Македонија, сега и по овој закон не може да се отргне впечатокот дека од страна на опозицијата постојано се заменуваат тензии и едноставно се сее магла. Се дискутира без суштински да се допре темата, односно , како да се нема намера да се убеди позицијата за суштината на одредени амандмани, туку едноставно целта е само да се опструира работата на Собранието и пред гледачите на Република Македонија да изведуваме одреден циркус.

Јас искрено сакам да го прашам г-динот Стојаноски дали искрено верува дека 123 општини кои што моментално егзистираат во Република Македонија се способни според своите човечки и материјални ресурси да се соочат со ингеренциите кои ги чекаат во новиот закон за локална самоуправа, ако знаеме дека тие ингиренции не се на нивото на некои кои ги имаа општините да речеме уште во бивша СФРЈ кога имавме само 34 општини кои беа димензионирани по сите релевантни критериуми и мерила. И кој ќе ја сноси одговорноста ако после неколку месеци голем дел од нив банкротираат едноставно. И уште еднаш сакам да го запрашам зарем го променува ставот во кој цело време ВМРО-ДПМНЕ го застапуваше пред јавната расправа, ако може така да се каже кога упорно тврдеа дека 80 општини се оптималниот број на општини во Република Македонија кои треба да егзистираат. А сега излегуваат со став дека тоа треба да биде постојниот број на општини. Едноставно, би сакал да ми одговори искрено дали верува во капацитетот на ваквата територијална поделба на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние не водиме расправа по закон за територијлна поделба, водиме по еден конкретен закон.

Повелете г-дине Стојаноски една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, ако се имаше сериозен однос, тогаш предлогот на опозициајта, наместо прва да биде последна точка законот за териториjална организациjа ќе значеше разговор за суштинска децентрализациjа и на тоj начин немаше да доведеме до ваква ситуациjа.

Втора работа, врз основа на што вие утврдивте дека Велешта е помалку способна да остане како општина од Вевчани или од Пласница на пример. Дали за тоа ќе носи некоj одговорност ако не е функциjаонална и дали ова што го кажувате за 8о и незнам колку општини значеше Струга, Кичево, доjазично Скопjе и т.н. Дали за тоа се залагате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стоjаноски, бидеjки ми стигна еден амандман, jас сега него ќе го погледам.

Пратениците Жарко Караџоски, Мариjа Коjзеклсика, Блаже Стоjаноски, Спиро Мавровски и Драго Шаjноски поднесоа амандман на член 1 во новиот член 75-а по коj Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некоj бара збор по амандманот.

Повелете госпоѓо Коjзеклиска, бидеjки не сте го искористиле вашиот ред за зборување имате 10 минути право да зборувате.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, jас мислам дека претресот не го завршивме. Претресот по текстот на законот дали ние го завршивме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е општ претрес. Бидеjки амандман доjде jас го ставам амандманот. Потоа ќе си продолжиме повторно.

Ве молам сега зборуваjте за амандманот имате 10 минути, бидjеки вашето право не сте го искористиле.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Да нема забуни во јавноста, оваа група на пратеници поднесе амандман на предложениот  нов член на Владата на законот за локални избори, со кој зборовите “ноември 2004” се заменвуаат со зборовите “април 2005 година”.

Со оглед на тоа дека го имам правото на 10 минути, не сум дискутирала, само накратко една хронологија која е пворзана со амандманот и образложението на амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вир правото на едно јавување го користите и затоа искористете го 10 минути ве молам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛСИКА:

Знам, значи ние го имавме Предлогот на закон за локални избори кој е ставен на седница на 21.05.2004 година. Тој закон беше предложен од Владата која беше во оставка и министерот за правда г-динот Иџет Мемети тогаш даде едно штуро, кратко и поправо техничко образложение, како што беше и Владата во тој период. Тогашниот закон за локални избори беше предложен во скратена постапка, како и сите закони до сега. Ние откако го донесовме овој закон за локални избори имавме преговори на коалицијата за новиот закон за територијална организација на Република Македонија, значи за територијална поделба и затоа законот за теритоирјална поделба на организацијата, почитувани колеги, заради траење на преговорите повеќе од месец дена, тој беше ставен ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам дискутирајте по амандманот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Што има врска со амандманот. Тој беше ставен на седница на Собрание премногу доцна, а единствен виновник за таквото ставање, премногу доцна ставање на законот за територијална поделба беше и е на позицијата.

Значи ќе повторам преговорите на колаиционите партнери трае повеќе од месец дена и добивме таква територијална поделба како што ја имаме.

Во самиот претрес по амандманите кој се однесуваше на територијалната поделба имаше амандман предложен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, а кој се однесуваше на општна Облешево и самиот минситер за локална самоуправа тогаш тој амандман го одложи за крајот на расправата.

Ова ме наведува на факт почитуван претседателе, почитувнаи колеги пратеници дека и самата Влада и самиот министер за локална самоуправа не е до крај сигурен дека вака предложената територијална поделба ќе може да го оствари она кое се бара со неа.  Значи и она што го видовме од бројот на референдумите кои беа  во текот на постапката со 31 укажуваат на уште еден факт дека ниту граѓаните на Република Македонија не се задоволни од вака предложената територијална поделба, не кореспондираат со јавноста и со вистинитоста и во ваквиот договор постојат грешки.

Сметам дека ниту единиците на локална самоуправа, старите што ќе останат и новите, доколку законот за територијална организација на локалната самоуправа помине, така како што е предложен од Владата, не можат да ги остварат, или не се подготвени за престојните локални избори, а со тоа за спроведување на пакетот закони за децентрализација и токму тоа се причините почитувнаи колеги пратеници поради кои се поднесува овој амандман. Ни ене сме подготвени за територијална организација, не сме подготвени за децентрализација, посебно единиците за локална самоуправа, постојните градоначалници, а да не зборуваме за локалните избори.

Од овие причини, сметам дека овој амандман има основ да биде предложен и да биде изгласан од позицијата за да можеме да го спроведеме она за кое толку се залага  Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојаноски, вие вашето право сте го потрошиле. Дали се јавува некој друг кој што не го потрошил правото да зборува за амандманот.

Повелете г-дине Оровчанец.

Имате збор за амандманот 10 минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧНЕЦ:

Господине претседателе амандманот го подржувам затоа што сметам дека досегашната практика од она што се случуваше во Собранието и од она како што одат работите дека и овој предлог на Владата за промена на датумот од октомври во ноември 2004 година, нема да ги исполни бараните услови во поглед на она што сметале дека  да се донесе децентрализација. Бевме сведоци на излагањето на минситерот кој штопрактично стариот Закон за територијална организација веќе го дефинира како противуставен и незаконски , што за мене е повторно

прејудицирање на работата. Законски ќе биде она што Собранието ќе го доенсе, а зборот ревизија значи нешто друго од она што овде сака да се пласира. Може да прочитате во Лексикон. Значи ревизија или ре визио значи повторно разгледување или гледање, штоне значи повторно комплетно прекројување на границите и тоа е она што е кажано во Рамковниот договор и токму од тие причини сметам дека ова што како Предлог закон овде беше рпактично и противуставно и не е во согласност со Рамковниот договор. Сега ако одимепо некој логичен редослед на нештата, суштината на оваа промена што треба да ја направиме во Република Македонија е симнување на дел од ингиренциите на централната власт према локалната самоуправа, доближување на власта према народот во локалната самоуправа.

Ние сме сведоци дека минситерот Гештаквоски овде ни донесе под итна постапка пакет на закони кои треба да ја направат суштината на децентрализацијата меѓу кои тој пакет и се двата предлози за територијална организација на територијална организација и предлог за Градот Скопје. Меѓутоа , сите други 29 предлози имаат свое значење во суштината на децентрелизацијата и тоа беше кажано и од позицијата во овие услови. Да не набројвуаме од најбаналниот за библиотеките па до инфективни заболувања, па Предлог законот за просторно и урбанистичко планирање и т.н. Зошто ова го зборувам? Затоа што овие предлози мора да излезат како законска норма од ова Собрание. Излегувањето на тие законски предлози, не значи дека ќе бидат онаквикакви што Владата и ги даде. Што значи дека нивното модулирање, гласање во самото Собрание е суштината на она што треба да се случи со конплексот на децентрализација. Ние практично би требало Предлог законот за територијална организација на локална самоуправа и Предлог законто за Град Скопеј да ги ставиме потоа, врз база на предходно усвоенит езакони од овој пакет кои практично ќе ја дефинираат самата децентрализација и суштината на пренесвување на дел од власта од централна позиција на локална. На овој начин, смтам дека практично на прав начин треба да се дојде до позицијата и кој е бројот на општините кои треба на крајто да бидт.

За сето ова да се направи сигурно ако сметаме дека сериозно да ја работиме работата и ова Собрание да бид есериозно, тогаш би требало прво да пријдеме на овој начин. Што значи, дека временски во тој поглед ќе бидеме дефинитивно

лимитирани. Јас мислам дека за месец дена овој пакет на закони на овој начин донесени ќе бидат суштинско промашување на децентрализација.

Би повторил за едно клучно прашање. Ќе се расапишат изборите, кандидатите за градоначалници без да прејудицирам, по која територијална организација ќе бидат, со што ќе излезат пред своите бирачи. Тие не знаат што ќе кажат во поглед на законот за анбиент на воздухот. Што ќе кажете за законот за патен сообраќај што ќе кажат за законот за јавни патишта и т.н. Тие ќе излезат голина тие избори. Ние практично ќе имаме избори само заради избори. Нема да имаме суштински избори.

Јас сметам дека на овој начин ние од локалната самоуправа како Собрание почнуваме да правиме маскарада на самата локална самоуправа, наместо да ја потенцираме и да ја дадеме реалната суштинска димензија која и е потребна.

На овој начин сигурно повеќе ќе се оддалечиме од евроинтеграциите, практично нема да имаме локална самоуправа која ќе биде по терк на граѓаните и која ќе биде усогласена со она што зборуваме - евроинтеграции.

Одлагањето од шест месеци, за мене, претставува момент каде можеме дефинитивно се да направиме, да не ги прејудицираме другите работи референдумот дали ќе успее и како ќе успее, значи таа закана да ја апстрахираме и на крај дефинитивно да дојдеме во ситуација да направиме локални избори кои ќе ги дефинираат сите суштински прашања на децентрализацијата. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор по амандманот?

Процедурално господинот Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Процедурален е членот 167 од Деловникот.

Согласно членот 167 став 2 од Деловникот, претседателот на Собранието амандманот го доставува на мислење и до надлежното работно тело и до ЗПК.

Дали оваа обврска ја имате исполнето, тоа е моето прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прочитајте го членот 167 првиот став, ве молам.

Процедурално госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОјЗЕКЛИСКА:

Претседателе, овој закон за измени и дополнувања на Законот за локални избори се донесува по итна постапка. Така? Од членот 175 до 177 имаме итна постапка за донесување на закон. Во членот 177 се вели, ако Собранието го усвои предлог-законот да се донесе по итна постапка, што ние го направивме, Предлогот на законот се внесува во дневниот ред на седницата.

Ставот 2, Собранието може пред или во текот на претресот да побара од надлежното работно тело и од ЗПК секој од својот делокруг итно да му поднесе извештај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, сите сме писмени, се знае што е зборот “може”.

Бидејќи никој друг не бара збор по амандманот, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника од кои 9 за, нема воздржани и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор, а нека се подготви пратеникот Слободан Даневски.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нешто повеќе од два месеци овој Парламент донесе измени и дополнувања на Законот за локални избори со кои јасно утврдивме во кој временски период кој ќе биде терминот за одржување во иднина на локалните избори во Република Македонија.

Како што стана пракса во последните неколку месци, штом еднаш донесеме закон задолжително треба да очекуваме за само месец или два или пократко да го менуваме она што сме го донеле и работењето на тој начин на овој Парламент станува несериозно.

Со денови по ред овде како пратеници, пратеници на опозицијата, ги браниме интересите на граѓаните на Република Македонија јасно искажани преку референдумите со кои бараат да опстојат нивните општини, односно 123-те општини во Република Македонија  треба да опстојат затоа што тоа го бараат граѓаните на

Република Македонија, односно граѓаните на локалните самоуправи кои во моментот се укинуваат.

Јас продолжувам да го застапувам овој интерес на граѓаните и сум против предлагањето за одлагање на изборите, туку сметам дека изборите треба да се донесат според постојната законска регулатива, според Законот за локални избори кој сите го донесовме овде во Собранието и според постојната територијална организација со 123 општини. На тој начин сметам дека нема уште повеќе да го усложниме работењето не само на овој Парламент, туку и на локалните самоуправи. Во моментот, знаете, дека тече еден процес на собирање на потписи со кои се бара да се одржи референдум преку кој ќе се искаже јасно волјата на граѓаните дали сметаат дека треба да опстои постојната територијална организација или не.

Доколку се распишат изборите, според новата територијална организација, ќе настане во Република Македонија навистина хаос и повторно прекројување на општинските граници.

За да не се случи тоа, мислам дека е неопходно потребно општинските граници во моментот да си останат онакви какви што се, бидејќи целта на децентрализацијата е пренесување на надлежностите од централната власт на локалната власт и доближување на услугите до граѓаните и најдобар начин да се остварат нивните интереси е тој и сметам дека апсолутно не смееме да го врзуваме со територијалната организација, бидејќи процесот на децентрализација е нешто многу посуштинско и заради тоа, повторно ќе кажам, најпрвин требаше да расправаме за пакетот на закони од областа на финансиската децентрализација, а потоа за територијалната организација.

Ако се одржат изборите, почитувани дами и господа, според постојниот закон, ќе се создадат услови високо да се мотивираат граѓаните во локалните самоуправи да ги ангажираат сите свои интелектуални потенцијали, меѓутоа, и ресурски кои ги имаат за да може да опстојува нивната општина односно да видат дали вистински може сите овие ингеренции кои ќе се пренесат на локално ниво да ги исполнат како локална самоуправа во интерес на своите граѓани или ќе применат друг модел кој се дава со Законот за локални избори да пренесат одреден вид надлежности односно во областа на пример на образованието, здравството да остваруваат одредени интереси за своите граѓани заедно со другите локални самоуправи кои имаат повеќе услови да го направат тоа.

Мислам дека на тој начин ќе се спласне и незадоволството кај граѓаните од тоа дека власта сака да им наметне решение кое тие не го сакаат и не е од нивен интерес, бидејќи самите граѓани ќе видат што е тоа што е од нивен интерес, што е тоа што тие можат самите да го исполнат во својата локална самоуправа, дали треба да постои нивната локална самоуправа во овие граници или во кои граници би можело тие да го остварат својот заеднички интерес и на тој начин најдобро ќе може да се исцрта картата на територијалната организација на локалните самоуправи во Република Македонија.

На тој начин јауспешно ќе се направи ревизија на постојните граници на општините, дури тогаш ќе има вистински основ, бидејќи ќе се знае кои општини можат да ги исполнат своите надлежности, а кои општини не можат тоа да го направат.

Тоа ќе им биде многу јасно на граѓаните и тие ќе побараат понатаму нова територијална организација онаква каква што им одговара на самите, онаква каква што е најдобра за остварување на нивните интереси заради тоа што и овој процес на децентрализација го правиме во моментот.

Симптоматично е почитувани дами и господа за мене ова што на денешниот ден поставуваме само една точка на дневен ред, тоа е Законот за измени и дополнувања на Законот за локални избори, а нели господине претседателе немавме време, моравме да брзаме и приговаравте на опозицијата дека намерно прави да се одложи расправата, дека намерно го блокира процесто на децентрализација, а имаме само една точка на дневен ред која , верувам, многу брзо ќе заврши и наместо да продолжиме со расправата за да може навистина да го фатиме рокот, за да можеме да работиме на пакетот закони за децентрализација, гледам дека почнуваме да го растегнуваме овој процес во самото Собрание.

Мој заклучок е дека власта носи ад хок решенија, таа работи неорганизирано, стихијно и носи решенија за купи ден политика.

Затоа, тргнувајќи од интересите на граѓаните, јасноовторно ќе кажам, искажани преку референдумите, сметам дека изборите треба да се спроведат според постојните законски решенија со територијалната организација од 123 општини. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете господине Даневски, а потоа нека се подготви пратеникот Замир Дика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господине министер,

Владата на Парламентот му предлага по итна постапка одложување на термините за локални избори и ние денеска мора да дадеме одговор на две суштествени прашања.

Првото прашање кое виси е да одговориме на македонските граѓани и второт да одговориме на Меѓународната заедница.

По однос на првото прашање кога се работи за одложување на изборите, македонските граѓани се збунети, сигурно ние сега толкуаме почнувајќи од Рамковниот договор, толкуваме како сакаме да го толкуваме како во супер маркет и сите наши толкувања водат кон тоа дека во дадениот момент поаѓаме од позиција на власт, од позиција на дигање а рака, од позиција на 61 пратеник, што апсолутно стои така.

Ако гледаме принципиелно и зборуваме принципиелно, вака како што одеше динамиката во Парламентот, реално не можеа да се одржат изборите на време во дадениот термин. Но, сега се наметнува прашањето кој е виновен за ова што не можат да се одржат локалните избори во дадениот термин како што е фиксиран дадениот термин. Кажан е рокот на закажување и дадени се термините кога треба да се одржат локалните  избори.

Одговорот треба да го даде Владата зошто се доцни, зошто се наметнува, дали намерите се чесни затоа што тука дискутираме тука за децентрализација како еден од условите на Рамковниот договор кој од пакетот закони кои треба да се донесат, што е обврзувачко, но треба да се даде одговор дали намерите се чесни, да дадеме одговор што е тоа децентрализација, дали она што ќе значи пренесување на ингеренциите е доволно тие општини како такви функционираат затоа што во изминатиот период не добивме некоја анализа, не добивме некои издржани аргументи дека можат  или не можат да функционираат овие 123 општини.

Она што беше задача на Владата до ден денеска ги немаме тие релевантни информации за да може да зборуванме со факти. Од тие причини се наметнува друго прашање.

Дали ова сега под изговор се врши децентрализација во суштина ќе значи децентрализација пренесување на правата односно пренесување на ингеренциите

на локалната власт, ако знаеме дека главната забелешка во изминатиот период на сите општини кои функционираа во дадениот момент 123 општини во Република Македонија, беше тоа дека немаат сигурни извори на финансирање и тука се вртеше најголемиот проблем за реално функционирање почнувајќи од најголемата мамутска општина каква што е градот Скопје, па до оние најмали, како Старавина кои имаат по 400 или 500 жители.

Најголемиот проблем во суштина беше тоа дали сега владиното мнозинство кои заговараа дека треба да се донесе законот за децентрализација работат на тој проект на купување време или суштински се сака да се донесе закон односно децентрализација и да се пренесат правата и обврските на граѓаните.

Сега кога зборуваме за граѓаните, во дадениот момент постои апсурд. Никој не ги прашува граѓаните. Еве имаме феномен да имаме 41 референдум, граѓаните се изјаснуваа против волјата на Владата, но во дадениот момент ни се случува феномен тројца политички партнери да одлучуваат во името на граѓаните, што е апсурд, се коси и со Европската повелба во членот 5, што е апсурд затоа што овој договор е чисто политички договор, не оди во интерес на граѓаните.Ова граѓаните не го сакаат, туку кој ги прашува граѓаните.

Еве на поминување низ Жена Парк од таму доаѓа еден дедо и вика мамето ваше пратеничко, вие сте продадени души (реакција од страна на пратениците) да, вие ја продадовте, убаво слушајте, со пцости за сите пратеници, сите вие сте одговорни за тоа што ни се случува во Македонија. Дозволете...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам потивко, уште пет минути има господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Еве ќе ви повторам, доаѓа еден дедо и не пцуе сите пратеници, доаѓа една бабичка и му вика не е така, виновен е народот, вели мамето на народот, вие сте тие што дозволивте, а кога го прашав за кого гласавте рече гласав за СДСМ, па зошто се буниш. Вие ја дадовте власта...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски вклопете го тоа во ова одлагање на изборите во законот што се предлага. Вклопете ја таа ваша дискусија .

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Тие баби и дедовци одлучуваат господине претседателе.

Сега кога доаѓаме до второто прашање треба да дадеме одговор и на Меѓународната заедница. Во вториот дел добивме позитивни критики или импулси, обично милуваат една група на новинари кои имаат задолжение да ја обработат темата дека изборите мора да се случат на време, дека ова е барање на ЕУ, дека имаме поддршка и од САД, било што да се случи ако треба ќе се работи нон стоп, пратениците ќе работат турбо, но мора да се донесат пакетот закони за територијална организација, што апсурдно нема врска. Што ни се случи? Сега кого лажеме? Кој кого лаже? Дали ја лажеме Европа затоа што Европа стои фиксно дека изборите мора да се одржат во дадениот временски период. Сега како ќе објасниме, како ќе го објасниме овој феномен еве Парламентот изгласал се одолжуваат за месец дена, дали не може да се случи Парламентот да заседава по друга итна постапка да ги одложиме за месец дена и ушт емесец дена ако нема да стасаме во дадениот временски рок. Сигурно дека нема да поминат убавите зборови и онаа мала група на новинари кои останаа, кои се задолжени да ни кажуваат некои работи кои не припаѓаат на реалноста, граѓаните едноставно се разочарани. Во Македонија се живее убаво, во Македонија нема невработени, во Македонија нема стечајци, во Македонија земаат редовно плата, во Македонија нема криминал, во Македонија се е добро.

Од тие причини граѓаните во дадениот момент апсолутно не веруваат на ниедна политичка партија, едноставно граѓаните се излажани, граѓаните се збунети, граѓаните се конфузни.

Општо мислење кај граѓаните е да се направат предвремени парламентарни избори, а не локални.

Еве ќе ве поштетам, бидејќи реагираат пратениците, ќе ја скратам дискусијата. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Замир ДИка, а потоа нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес повторно имаме измена на Закон по итна постапка и жалам што ќе констатирам дека и овој пат станува збор за не добро смислен предлог, не добро анализиран така како што треба една многу значајна измена и добро неменаџирана, како што е обично, за жал.

Овде се говори дека изборите ќе се одолжат за месец дена и тоа во третата недела од ноември. Некој ќе се потсети за каков период станува збор, но имајќи во предвид дека во овие времиња не се почитуваат интересите на граѓаните и ова не е големо чудо од оваа власт.

За што станува збор?

Според овој нов предлог, изборите ќе треба да се одржат на 21 ноември.Замисле 24 часа претходно откако е предизорниот молк, кога треба да биде гордост на изборната кампања, кога се финализираат нашите аргументи за овој значаен процес, се значи четирите празници на Бајрамот. Да ве потсетам, можеби министерот има заборавено 16,17,18,19 и 20 ноември се 5 празници на големиот празник на муслиманската заедница во Македонија. Значи врвот ќе треба да го направат во времето кога муслиманите ќе треба да го слават Бајрамот, својот многу значаен празник од оваа вера. И тоа, врз основа на овој предлог, значи еден месец предизборна кампања ќе треба да се прави во месецот на рамазанските пости, каде сите верници во Република Македонија сакаме да ги почитуваме како религиозни групи, без индивидуални прејудикации. Значи, наместо да ги оставиме да се потсетат на душата и верата, ние ќе треба со овие наши театри да и го расипеме и тој месец на пости.

Едноставно, како парламентарна група на ДПА предлагаме до Владата да се измени овој предлог и нека ги пролонгира, доколку има потреба за 21-22 декември. Ќе го поддржиме овој предлог доколку ги земат во предвид нашите аргументи или пак нека ги пролонгираат за два-три месеци, ќе го поддржиме со единствена цел на политичките партии кои се дел на овој значаен процес, да им се остави еден месец слободен за да ја одвиваат во нормални услови својата изборна кампања.

Жалам што не се размислува, според нас од многу значајни аспекти, во текот на предлогот на овие закони, многу значајни што се однесуваат на локалните избори што доаѓаат во еден процес на децентрализација што го именуваме како театар, кога се има предвид фактот дека оваа Влада еве две години имаше време сите овие димензии на овие значајни закони да ги анализира добро и суштествено и да го темпира и времето и квалитетот на законите што ја детерминираат иднината посебно на албанскиот народ во Република Македонија. Мислам дека како намерно, се сомневаме како да е намерно, сите многу значајни процеси што се поврзуваат со Рамковниот договор се одлучуваат во еден цајтнот, секогаш се одлучува во последната минута и вака, некој од коалиционите партнери и целиот процес се

сместува пред завршен чин, поради овие значајни термини. Овој цајтнот и сето ова немање време и неизготвување добро со состојбите, се сомневаме дека има и манипулации по однос на ова прашање. Да не говорам дека се пролонгираат роковите за остварување на Рамковниот договор. Мислам дека тие рокови се заборавени. А, да не спомнувам за квалитетот на имплементацијата на Рамковниот договор.

Затоа, во име на ова наше барање, за да се почитуваат верниците од исламска вера, за да не се одвива кампањата во месецот на постото, на Рамазанот, да ги оставиме граѓаните да се оддадат на верата, до Владата предлагаме добро да размисли во однос на овие аргументи. Мислиме дека ситуацијата е многу значајна, па господине претседател, во име на пратеничката група барем за оваа точка од дневниот ред да побараме 20 минути пауза.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине, паузаста ќе ја добиете кога ќе имаме овде пауза.

Господине Замир Дика, одиме понатаму, имаме пауза од 13,00 часот, сега уште половина час е тоа. Ќе имате цела пауза.

Повелете господине Мавровски имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Трифун Костовски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас ќе се обидам малку поразлично од колегите кои дискутираа до сега, врз основа на ова што се повикува Владата и ова што ни е презентирано тука како Предлог на закон за донесување по итна постапка за дополнување на Законот за локалните избори и во кои што причини поради кои што се донесува законот ни се наведуваат неколку членови.

Би почнал од членот 3.2., во точката 3 Развој на децентрализираната власт, каде што се вели во рок од една година по завршувањето на новиот попис што под меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година ќе бидат ревидирани општинските граници. Ние кажавме со ова не се дефинира дали треба да има намалување или зголемување на бројот на општините и не се вели врз основа на резултатите на пописот, туку по неговото завршување. Тоа е првото.

Во членот 3, За развојот на децентрализираната власт (точка 3.1.) стои:"Ќе биде усвоен ревидиран закон за локална самоуправа со што ќе се зајакнат овластувањата на избраните локални претставници и значително ќе се зголемат нивните надлежности во согласност со Уставот и Европската повелба за локална самоуправа. Зголемените надлежности пред се ќе се однесуваат на областите на јавните услуги, урбаното и руралното планирање, заштита на животната средина, локалниот економски развој, културата, локалните финансии и образованието, социјалната заштита и здравствената заштита. Ќе се усвои закон за финансирање на локалната самоуправа за да се обезбеди соодветен систем на финансирање за на локалните власти да им се овозможи да ги исполнуваат сите свои надлежности". Од сето ова што го прочитавме, членот 3.1. во членот 3.2. ништо не соодвествува, така што од ова ништо не е направено за да можеме да профункционираме за да донесеме закон за локална самоуправа.

Би продолжил понатаму. Точката 2, значи точка 3 на Анекс Б "Собранието до крајот на 2002 година ќе усвои ревидиран закон за општинските граници, земајќи ги предвид резулатите од пописот и релевантните упатства дадени во Законот за локална самоуправа". Но, во Анекс Б има точка 2 која што многу јасно ќе ги каже сите работи што досега се обидовме, неколку пратеници, да ги презентираме пред позицијата. Мислам дека и ним им се јасни, но незнам која е причината да не се согласиме сите заедно.

Се кажува, во точката 2 од Законот за локално финансирање: "Собранието до крајот на мандатот на овој состав на Собранието ќе усвои закон за финансирање на локалната самоуправа, за да се осигура дека единците на локалната самопурава имаат доволно ресурси да ги извршуваат своите задачи според ревидираниот закон за локална самоуправа.

Законот, особено ќе го предвиди следново:

1.Ќе им овозможи и ќе ги направи одговорни единиците на локалната самоправа да прибираат значителен износ на приходи од даноци.

2.Ќе обезбеди трансфер до единиците на локалната самоуправа на дел од централно прибраните даноци што кореспондираат на функциите на единиците на локалната самоуправа имајќи во предвид собирање на даноци на нивната територија и

3. Ќе осигура буџетска автономност и одговорност на единиците на локалната самоуправа во областите на нивните надлежности".

Од сето ова, господине претседател, господине министер и пратеници апсолутно ништо немаме како показател врз основа на што ќе можеме да гласаме и да го одобриме овој закон. Значи, не се работи за одложување за еден месец, се работи за многу покомплексна задача на нас пратениците за да овозможиме да имаме регуларни избори.

На овој начин и ова што го бараме во текот на амандманската расправа и што, како што кажаа дел од пратениците, суштински не сме се до сега искажале и не сме ја убедиле позицијата. За жал, мислам дека позицијата многу тешко се убедува. Дури народот не може да ја убеди со свои референдуми сем Владата, која што многу често ги претвора во гласачка машинерија и тогаш се многу убедени и многу им е жал дека е точно така.

Точката 4 од Акексот Ц во која што се говори дека страните ја повикуваас меѓународната заедница да помогнат во процесот на јакнење на локалната самоуправа, меѓународната заедница особено ќе треба да помогне во подготвување на неопходните законодавни измени поврзани со механизмите за финансирање, со цел јакнење на финансиската основа на општините и создавање способности за финансиски менаџмент и во измената на законот за општинските граници. Во овој Анекс Ц - договор, имаме точка 3 - враќање на бегалците, ревитализација и обнова, каде што во точката 3.1 стои дека сите страни ќе работат да обезбедат враќање на бегалците кои се граѓани или имаат законски престој во Македонија и на раселените лица во нивните домови, во што е можно покус временски период. И, ја повикуваат меѓународната заедница, особено УНХЦР да помогне во овие напори.

Е сега, ако ние тука се повикуваме за еден месец да ги одложиме овие избори и дека со тоа ќе постигнеме нешто локалната самоправа да ја донесеме во ситуација да можеме ние, како пратеници да ги донесеме сите закони, мислам овој најкраток период, ова е донесено некаде 2001 година, сега сме 2004 година, тие работи сеуште не се регулирани, поминаа 3 години, јас незнам Владата а и ние како пратеници, како Парламент колку за сето ова, сем оваа расправа  што ја имавме пред неполни две-три недели, мислам дека апсолутно ништо не сме направиле да се подобри сето ова.

Но, сега се инсистира на нешто друго. Пред нас имаме пакет на закони, 29 на број во кои што видовме и при првата расправа, тој закон требаше наместо 2002, ни беше предложен некаде во декември 2003 година и по тој закон расправавме до април 2004 година. Што се случуваше на тие комисиски расправи сите добро знаете.

Многу од тие закони едноставно не нудеа никакви решенија, многу од нив беа, како што би рекле стручните луѓе кои помагаа во тие комисии и надвор од тоа за што требаше да ги регулираат работите, значи со илјадници забелешки што Владата не најде за згодно при второиот план и ова што ни го испраќа сега како конечно решение, за кои што закони ќе треба да разгледуваме, многу од тие закони имаат и трета фаза на одлучување во Парламентот. Значи не ќе можат да се донесат како пакет на закони за децентрализација и тоа ќе претаствува проблем за целиот Парламент и конкретно за Владата.

Ако е целта само да имаме избори, поради избори, а тука многу тешко пратениците од позицијата кажуваат дека ние, со овој пакет на закони, едноставно преминуваме на нешто што ќе значи нова локална самоуправа, што јас апсолутно не се согласувам, затоа шт воопшто не знаеме и до сега Владата не си дозволи, а мораше да го направи тоа, да се направат пилот општини врз кои што ќе се проверат, затоа што како што кажав во членот 2, кога ќе видиме какви ингеренции и што се ние расправавме до сега и кога вие ќе ги пренесете тие ингеренции на општините, може да се случи тотална блокада. Знаејќи како фнкционираме до сега и на централна власт, а уште пострашно очекувам да биде на локална власт затоа што преголемиот број на ингеренции, средствата што сега доаѓаат во локалната самоуправа се многу мали, што ќе се случи со собирањето на давачките, апсолутно никој неможе да потврди затоа што видовме и во тие закони многу нерегуларности и многу недоискажаности, каде што луѓе треба да се префрлаат од министерства во локална самоуправа како сето тоа и кога ќе профункционира, господо пратеници и предлагачи, мислам дека апслутно немате право. Затоа што со донесувањето и сега со гласањето на овие локални избори едноставно ќе дојдеме во ситуација да направиме една тотална блокада на Законот за локална самоуправа, затоа што при секое наше барање, затоа што суштински вие не ја убедивте позицијата за да ние прекинеме со разговорите.

Во што е суштината? Суштината е во тоа што министерот ниту еднаш, за ниту една општина не поднесе финансиски извештај што сега општината функционира и како функционира и што се очекува со новата тетиторијална поделба? Колку ќе биде подобра или колку ќе биде полоша? А вие, очигледно не се плашите да излезете на избори, тоа е дефинитивно. Со вас се големите полициски сили и при славењето, така што и за ова ќе биде истото, нема да имате проблеми.

Охридскиот договор и ревизијата на Охридскиот договор е ова што го гледате тука. Ако мислите дека ќе биде така, тогаш е во ред. Но, ова што Владата го предлага во моментот како Предлог закон, едноставно не држи, затоа што и овие членови што ги прочитав се исто од Охридскиот договор и апсолутно Владата не направи ништо за истите да ги исполни.

Поради времето ја прекинувам мојата дискусија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно 10 минути поминаа.

Повелете господине Костовски, а нека се подготви пратеникот Ристана Лалчевска.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас би сакал само малку да се навратам на дискусијата на министерот за правда кој беше тука и ја даде, за жал јас не присуствував, меѓутоа, го имам текстот тука пред мене.

Морам да кажам малку сум збунет поради некоклу работи:

Прво, во сите наши дискусии од највисоки па до највисоки функционери се повиквуаме на Охридскиот договор. Господо, за нас во Македонија, највисок закон е Уставот. А, Охридскиот договор е преточен во Уставот. Затоа молам сето она што не е сеуште имплементирано од Охридскиот договор да го третираме како имплементација на Уставот и во Уставот. Тоа е правата работа.

Втора работа што сакав да потцртам, денеска говориме за пакет закони за децентрализација, односно деновиве за нова територијална организација. Овде во текстот видов став на министерот дека “По донесувањето на новите закони за територијална организација на Република Македонија и Законот за град Скопје”, дали е тоа веќе јасна работа дека тие закони ќе се донесат или дали Парламентот во случајот, ќе се стави во функција дека мора така да работи и дали на крајот силата на аргументот е таа што треба да победи при донесување на ваквите предлози од Владата?

Навистина, сметам дека тука имаме доблесни претставници на народот кои овие закони ќе ги прочешлаат добро и секако ставот, не треба да се прејудицира од аспект дека тие закони сигурно ќе поминат.

Мислам дека начинот на кој што се одвива целата дискусија во Собранието, па и по оваа точка господине претседателе, наличува на едноумие. Аргументите не стасуваат до вас, односно до Владата. Верувам дека сето ова го работиме со најдобра цел. Меѓутоа, вакви пакет закони во секоја сериозна земја, тоа е процес што трае 5-10 години. Ние тоа се трудиме да го ставиме како процес што треба да трае 10 дена.

На таков начин беше донесен Законот за територијална организација во 1996 година во кој што предлогот на законот на самата седница се измени по желбата и волјата на граѓаните, односно на претставниците тогаш, денеска ние немаме сеуште анализа што таа територијална организација направила лошто и какви се резултатите. Немаме издржана анализа. А овде се прејудицира веќе е факт дека е ова свршена работа. Ако е свршена работа, господо, да не губиме време, ниту вие ниту ние, да ја затвориме седницата и да си одиме дома.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОДАНОВСКИ:

Господинот Андан Јашари, имате реплика, повелете имате 3 минути.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам господине претседателе.

Во континуитет ќе повторам дека и од страна на пратениците од опозицијата, меѓутоа и претходниот говорник се кажува дека локалните избори може да се одржат и со законот што е во сила, меѓутоа, сепак ќе потенцирам а истовремено ќе поставам едно прашање до господинот Костовски.

Претходното Собрание го донесе Законот за локална самоуправа каде што се предвидуваат некои компетенции на локалната самопурава. Како е можно тие надлежности, предвидени со закон да се операционализираат или имплементираат во пракса без непостоење на одредени фискални и финансиски средства.

Токму ова, постојано обезбедување на финансиски средства било предвидено од страна на предлагачите на Охридскиот договор, зошто во точката 3.1 од оваа Спогодба како императив не се употребува “ревидирање”, туку “усвојување” од страна на овој Парламент, усвојување на Законот за финансирање на локалната самоуправа. Тоа е предвидено во точката 3.1 поради тоа што преку овој закон се прави она што се вели фискална децентрализација се предвидуваат фискални средства за реализирање на некои надлежности предвидени со Законот за локална

самоурава. Јас ќе повторам до сите наши претставници колегата Мавровски и другите, да ги прочитаат овие документи за финансирање на локалната самоуправа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Костовски имате една минута контрареплика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван колега, сметам дека настана некое недоразбирање. Јас сум апсолутно за итно донесување на сите закони за децентрализација во кои што дефинитивно граѓанинот кој што фактички го полни буџетот, ќе биде сам стопан за себе. Според тоа, тука нема двојност во мојот став дека тие закони за децентрализација ќе се донесат.

Јас се повикав на говорот на г-динот Иџет Мемети, бидејќи тој вели, за новите закони за територијална организација на Република Македонија и законот на Град Скопје. Говориме за два различни паќети на закони. Според тоа, навистина јас во случајот сметам дека сме сосема идентични. Законите за децентрализација и те како треба да се донесат. меѓутоа јас би се задржал на една изјава на баварскиот министер за внатрешни работи. Јас би ја прочитал . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Костовдски, помина една минута.

Има збор г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе, јас сум навистина изненадена од вака често менување на законската регулатива, затоа што ми се чини дека неодамна пред месец и половина ние вршевме измени и дополненија токму на Законот кој денеска повторно го дополнуваме. Тогаш имаше разговори во Министерството меѓу пратеничките групи и министерот, законот помина во Собраниска процедура и јас незнам зошто тогаш министерот како надлежен за оваа регулатива не предвиде дека навремено не ќе можат да се одржат локалните избори. Затоа што добро знаеше како помина првата фаза на терититоријалната организација која некаде ми се чини во јануар одеше и Владата свесно доцнеше, затоа што одамна требаше да биде завршена јавната расправа по тој закон, одамна требаше да биде во Собраниска процеудра. Меѓутоа, Владата, јас сум убедена, свесно го пролонгираше доаѓањето на втората фаза на овој закон во собраниска процедура од причини ако

го разгледаме анексот 6 на Рамковниот договор и мене и на сите ќе им биде јасно, затоа што таму е преземена обврска дека прво во анексот 6 под точка 1 стои Закон за локална самоуправа. Таа работа ние сме ја завршиле како Собрание. Под точка 2 стои Закон за локално финансирање, а под точка 3 стои Закон за општински граници каде што се предвидува ревидиран закон за општински граници, повторувам ревидиран, а сите добро знаат што значи зборот ревизија.

Владата во овие две точки од Рамковниот договор ги сменила местата и мислеше дека набрзина или незнам како, со кои свои убедувања дека прво ќе го помина овој закон за општински граници, што според Рамковниот договор и не може да оди пред локалното финансирање. Значи, пакетот за локално финансирање беше тој што требаше да оди прв, да видиме што и како ќе се финансираат општините, а потоа, ако беше потребно ќе извршевме ревизија. Сега Владата го стави Собранието во еден таков временски теснец и го даде пред Собрание тој закон за територијална организациа во скратена постапка, со кратки рокови и сега доаѓаме во судир со овој закон кој денеска бара министерот да се дополни односно се додава уште една одредба со која локалните избори се одлагаат за еден месец. Јас како правник морам да кажам свое големо разочарување бидејќи вакво често менување на законската регулатива надвор од сите шеми и задолженија кои сме ги презеле со Рамковниот договор и со уставните амандмани води во една многу опасна зона, затоа што може да му текне на министерот утре повторно, за неколку дена да предложи повторно дополнување или измени на Законот, па потворно да ги одложи изборите. Тоа е една многу опасна ситуација, затоа што нестабилни закони г-да пратеници, продуцираат само нестабилен систем. Ние со вaквите работи навлегуваме во многу нестабилен систем, за жал. Јас очекував и се надевав дека министерот ќе поработи малку на кодификацијата на изборото право, ќе го кодифицира изборното право и ова ќе биде стабилно законодавство и ние ќе знаеме кога, како, под кои услови ќе правиме локални избори, а не ќе го менуваме во два наврати пред сами локални избори. Ова е недопустливо, затоа што со тоа навлегуваме во многу нестабилен систем. И која е гаранцијата г-дине министре, дека вие за 15, или 20 дена ќе увидите дека повторно не можете да стигнете со пакетот во собраниска процедура и повторно ќе ги одложите локалните избори. Меѓу другото, јас незнам како сте убедени дека тој паќет на закони ќе помине после собраниската расправа. Дали тоа г-дине министре значи дека вие сте убедени во контролата што ја имате на пратениците во парламентарното мнозинство на

пратеничката група која е во Парламентарно мнозинство. Тоа директно говори дека вие сте убедени дека тие ќе гласаат по вашите желби, значи по желбите и на Владата. Со тоа г-дине министре и вие и пратениците од парламентарното мнозинство вршат повреда на Уставот, затоа што, ако не сте прочитале, таму има една одредба која ги обврзува пратениците да гласаат по свое убедување, а не по налог на Владата. Тоа е во тој дел. Нека размислат добро пратениците.

Јас мислам дека сите предуслови за одржување на локални избори ги имаме, ги имаме сите законски ргулативи кои се потребни за да се одржат локалните избори. Апсолутно не е потребно сега да се врши корекција на изборното право, а поготово што се прашувам каква ќе биде судбината на овој член 75-а ако сега го усвоиме за следните избори. Верувам дека таа ќе престане да важи, затоа што важи само за првите избори, така барем пишува во одредбата. Меѓутоа, вие г-да со тоа правите неправда спрема идните градоначалници, затоа што вие им ги кратите мандатите за месец дена. Јас незнам кој ви го дава таквото право. Вие не ги бирате градоначалниците. Градоначалниците според законот се бираат на четири години. Вие сега со оваа одредба им го кратите мандатот на градоначалниците, а не им го давате, мандатот на градоначалниците им го даваат граѓаните кога ќе излезат на избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитувана колешке Лалчевска, многу ги почитувам вашите ставови, меѓутоа, јас со едно не се согласувам дека Владата ги контролира пратениците. Ние сите пратеници го донесуваме својот став и го градиме својот став врз основа на Уставот и секако ова претставува лична навреда за нас дека ние се однесуваме така како што вие претпоставивте  дека се однесуваме. А за делот на финансирањето на локалната самоуправа секако дека претходната Влада можеше да го донесе законот за финансирање на локална самоуправа и во праксата се покажа кои општини можеа да опстанат, а кои општини не можеа да опстанат. Така што околу ова не држи вашето. И тогаш ќе видевме дека многу општини не можеа да опстанат во тој дел. Така што ова ваше излагање дека пратениците се контролирани, јас го сваќам како лична навреда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, г-ѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ќе почнам од вашиот втор заклучок, значи, прво, фискална децентрализација, па територијална организација, за да видиме кои општини ќе опстанат. Ние цело време за тоа и се залагаме како опозиција. Значи, сега потврдивте дека вашите размислувања се еднакви на нашите.

Второ, зошто сум убедена дека ќе гласате така, па самиот министер вика, кога ќе го изгласа парламентарното мнозинство, тој потврдува дека ќе го изгласа парламентарното мнозинство. Тој не вели, ако се изгласа. Навистина ќе ми биде драго, ако вие кога ќе дојде време за гласање го демантирате министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Блаже Стојановски поднесен амандман за менување на член 1 и за додавање два нови члена 1 а и 1 б, по членот 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Процедурално има г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Конкретно за амандманот. Имаме предлагач г-динот Блаже Стојановски. Министерот го одби амандманот. И сега предлагачот поради тоа што ги употреби тн., 10 минути, не е во состојба да го објасни амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот има образложение.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе, овде веќе играме демократија, или Собрание. Ова веќе не е ни Собрание, ни демократија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Образложението е напишано на самиот лист каде што е предложен амандманот и сите знаеме во која функција е амандманот.

Дали можеме да обезбедиме кворум?

По се излгеда не.

Објавувам пауза до 14,00 часот и тогаш ќе гласаме по овој амандман.

(по паузата седницата продолжи во 14,10 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи претресот по амандманот е заклучен, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, еден пратеник гласал за, нема воздржани, 55 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 60 пратеници. Затоа го поништувам гласањето.

Ги молам службите да го утврдат точниот број да го утврдат прусутниот број во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, никој не гласал за, еден воздржан 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 1 а и 1 б по членот 1 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, 7 пратеници гласале за, еден воздржан 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претресот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван г-дине министре, согласно одредбите во законот за локална самоуправа кој што го донесовме во мај 2004 година еден од основните, би рекол, така е наречен во образложението, темелните вредности на уставниот поредок претставува локалната самоуправа. Оттука констатацијата дека локалната самоуправа заедно со законодавната, извршната, претставничката претседателска и локалната власт претставува четврта власт во државата, меѓутоа Владата на начинот на кој што се однесува со овој предлог за пролонгирање на изборите дефакто покажува дека, сепак таа констатација дека локалната самоуправа е само, односно темелна вредност на Уставниот поредок. Однесувањето на Владата не укажува дека навистина така се работи. Имено, донесен закон за локални избори во мај, а сега се бара измена во август, значи неполни два месеца покажува за лоша перцепција на Владата, за лоша проценка и отсуство на сенс за она што претставува амбиентот во кој што се носат законите за децентрализација. Имено, процесот на децентрализација ние во Република Македонија со она што еве и денеска го имаме како предлог од еден процес кој што треба да биде долгорочен процес, затоа што се работи за непосредна демократија на граѓаните. Ние тука во парламентот не сме ни свесни дека нашата улога, значи оној дел законодавната улога во еден систем во кој што парламентарната демократија е доминантна, дека ние по прашањето за општините баш и немаме многу што да кажеме, затоа што ние имаме двојство на функција, ние сме тука претставници на граѓаните на Република Македонија, но во исто време сме и претставници на одделни општини. Така што непосредна демократија на граѓаните изразена преку референдум, собири на граѓани и граѓански иницијативи,јас говорев за една многу јака граѓанска иницијатива која што ние не

успеавме во Парламентот да ја порекнеме, тоа беше граѓанската инициајтива за тетовскиот универзитет. И дури ја преточивме во државен универзитет во Тетово пред неколку месеци. Така што таа непосредна формална демократија упатува дека амбиентот во кој што се носи еве и ова одлагање на законот за локални избори навистина претставува или неразбирање за суштината на непосредната демократија, или намерно избегнување и извртување на функцијата на парламентот, односно префрлање на тежиштето на решавањето на непосредните проблеми на граѓаните, а тие се тековни проблеми, секојдневни од улицата, маалото, дворот, фудбалскиот тим, гробиштата, префрлање на една друга тема дека ние тука во Собранието решаваме со каков чекор со каква брзина и со каква динамика Република Македонија чекори кон ЕУ. Тоа најчесто се употребуваше како образложение кон донесувањето на овие закони. Меѓутоа, ние забораваме дека во ЕУ, едно од основните начела, затоа што Европа е децентрализирана, е рзбирање на процесот на одлучувањето. Значи демократијата во процесот на одлучувањето. Европа е децентрализирана и за наша среќа и Македонија е децентрализирана. Ние со 123 општини плус градот Скопје, 124 општина имаме во територијалната димензија исклучително високо развиена територијална дисперзија на локалната власт. Затоа што ние локалната власт не можеме да ја гледаме само како единица на локална самоуправа, локалната власт е пред се заедница на граѓани кои што по природен пат, по објективен пат низ определено содејствие на многуј фактори ги определило заради подобро задоволување на своите потреби да се определат за таква или ваква општина. И, притоа парламентот тука има многу, би рекол мала улога. Примарна улога имаат граѓаните со својот референдум, примарна улога имаат граѓаните со својата граѓанска иницијатива, примарна улога имаат граѓаните со својот собир на граѓани. Ние тоа тука го извртуваме, ние кажуваме дека се стремиме кон Европа, а ја ништиме Европската повелба која што Македонија ја потпиша во 1996 година, упатува на тоа дека при промена на границите на одредена општина, или при создавање на нова општина мора да се консултираат граѓаните во таа постоечка општина. Ние тоа апсолутно тука како процес на одлучување го претвараме во една, како што ни чини велиме, па ние нема што да ја почитуваме Европската повелба, ние 41 референдум не почитуваме, ние не почитуваме граѓански иницијативи, ние тука во Парламентот се изјаснуваме за закон воопшто како комплетно закони, како корпус на закони, значи, се изјаснуваме за форма каде што само одлуката на извршната власт ја преточуваме во парламентарна поткрепа,

односно Владата ги предлага законите, а ние тука ги поддржуваме. Едноставно значи имаме ситуација каде што навистина се променуваат улогите на непосредната демократија на граѓаните, четвртата власт и би рекол првичната и онаа примарна функција на парламентарната демократија, ние како пратеници тука да гласаме за она за што граѓаните се залагаат тоа е наша обврска, тоа е наша должност, тоа е наше право тука како мислечки индивидуи, како личности кои што во Парламентот треба да донесеме подобри закони за граѓаните на Република Македонија. Притоа не велиме, не сме обврзани дека треба да донесеме подобри политички закони, или подобри политичко-етнички закони, затоа што на тоа не обврзуваат одредени би рекол елементи од одредени состојби во Македонија кои што беа изнудени политички, а кои што впрочем имаа и свои чинители, свои фактори, тие фактори тука седат во македонскиот парламент, седат во Владата во овој момент, некои не беа тогаш присутни во таа 2001 година, а се повикуваме секогаш на духот на таа 2001 година без многу посуштински да расправаме за духот на едно време, на една ситуација која што ни наметна вакви проблеми. Едноставно ние имаме сега конкретна дисперзирана локална самоуправа. Меѓутоа, немавме дисперзирано финансирање, немавме финансиска децентрализација. И, токму оттука требаше да почне процесот на децентрализација, затоа што така беше и обврската, најпрво финансиска децентрализација. Тука сега зошто една Влада тоа не го спровела, тука има многу аргументи, за тоа нема да дискутирам, а потоа кога ќе се направи финансиска децентрализација, кога сите тие територијални единки како пилот модели во еден процес од 2, 3, 4, или 5 години, ќе докажат дека во услови кога имаат приходи од комунални такси, кога имаат приходи од ДДВ, кога имаат приходи прво преку буџетската децентрализација добиваат приходи од ДДВ, добиваат приходи од комунални такси, добиваат приходи од административни такси.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Ѓорчев, ве молам, зборувајте за одлагањето.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Да, за тоа зборувам. Значи, кога ќе добијат такви права, тогаш ние можеме да решаваме за тоа дали тие општини ќе можат или не да опстојат. Оттука, се изведува заклучокот дека според мене, според мое длабоко убедување ние во овој момент и заради иднината на Република Македонија треба да го прифатиме моделот од 123 општини таков каков што е, а одложувањето да го направиме со април месец 2005 година и заради тоа што ќе се подготвиме подобро и заради тоа што имаме многу

важни закони да донесеме, затоа бараме одлагање, затоа што овие закони за комунални такси, за административни такси, законот за финансиска децентрализација, Законот за даноците на имот, ќе бараат опсежна расправа во овој парламент најмалку три месеци.

Ако ги донесеме така брзо повторно нема да ја разбереме суштината што е локална самоуправа. Оттука, апелирам овој рок кој што сега се поместува за еден месец навистина нема да придонесе квалитетно Владата да се организира во делот на другите законски проекти. Додека со април месец Владата конкретно ќе може сите тие проекти кои што претставуваат корпус на закони да ги одбрани, да укаже односно да ги прифати амандманите од пратениците и на таков начин сите заедно од една нетранспарентна постапка, како што почна, сега транспарентно и позиција и опозиција да одиме во ситуација каде во април месец да можеме тоа што ќе го донесеме тоа во Парламентот и да го браниме пред нашите граѓани. Пак ќе кажам и како членови на Парламентот и како граѓани на нашите општини.

Само на таков начин ние ќе можеме навистина би рекол функционално да ја оправдаме нашата улога како што му доликува на Парламентот. Во спротивно за еден месец одлагање ќе придонесе повторно ова замашателство на дискусии во кои што позицијата е на една страна, опозицијата на друга страна, а заборавамe дека, ако веќе се потсетуваме на тој дух на Рамковниот договор кој што пак ќе кажам дека е дел од Уставот на Република Македонија, меѓутоа духот е битен, духот е консензуалната демократија.

Овде мора да има согласност и од опозицијата, барем на круцијалните, еве сега конкретно рокови да биде транспарентно да ја одбраниме функцијата на парламентарната демократија. Тие рокови во април сметам дека и конвенираат и на позицијата, затоа што многу елементи ќе бидат ставени наместо, ќе се донесе тогаш нов буџет до март месец, тој буџет веќе ќе има антиципација, тие градоначалници од што ќе тргнат. Сега ние ќе спроведеме избори, а градоначалниците ќе одат уште по стариот буџет. По стариот буџет нема обезбедено средства за локалната самоуправа. Тие ќе одат во друга димензија. Во април 2005 година мислам дека ќе се обезбеди една функција на Парламентот и ние како пратеници ќе можеме одговорно да ги браниме позициите пред граѓаните на Република Македонија.

Оттука моја заложба е како учесник во оваа дебата да останеме таму каде што сме постигнале успех во децентрализацијата, роковите да ги поместиме за шест месеци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев, 10 минути поминаа.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господин претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Блаже Стојановски процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе сакам да укажам на законитоста на расправата денеска затоа што она за што се расправа претставува одложување на изборите за еден месец, а тоа значи дека мандатот на новите градоначалници треба да почне на 21 ноември 2004 година до 17 октомври 2008 година, што не е во согласност со Законот за локална замоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, тоа не е процедурално. Се извинувам господине Блаже Стојановски, тоа беше спомнато од госпоѓа Лалчевска, вие ако не бевте присутни тука тоа веќе е ваша работа.

Повелете господине Трендафилов, 10 минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Со оглед на тоа кој се појавува како предлагач, потписник во име на Владата и со оглед на брабурозноста на промената на нештата кој ги извршуваше во Владата на Црвенковски и на Костов, не бев многу изненаден кога непосредно пред Илинденските празници го добивме и повикот за седница на која повторно ќе го дополнуваме Законот за локални избори кој го донесовме пред извесно време.

Кога беше главната расправа кога се донесуваше Законот за локални избори, набрзина така како што се донесуваше како што и впрочем повеќето од важните прашања Владата на Црвенковски тоа го прави од 15 септември, од кога се ослободивме па наваму, зборувавме дека Предлог-законот за локални избори во целост е напуштен принципот на индивидуалност на граѓанинот како главен дел кој учествува, значи како главен фактор кој учествува во донесување на одлуките кои се однесуваат на националните интереси на Република Македонија, за што зборуваше и господинот Ѓорчев во смисла на непосредноста на процесот на одлучување.

Значи, граѓанинот како целосен индивидуалитет без оглед доколку ги исполнува условите дадени со Уставот и зо законите на Република Македонија, секој граѓанин со полни 18 години може да бира и да биде биран и тогаш го истакнуваме фактот дека единката апсолутно не постои во Законот за локална самоуправа и неколку амандмани кои беа поднесени денеска беа обид да се корегираат пропустите во таа насока во смисла дека таа е во спротивност со Уставот на Република Македонија каде што се вели дека секој има право да учествува во политичкиот живот со полни 18 години, без оглед на верата, бојата на кожата, полот, националните убедувања и сите оние работи кои одат во сферата на индивидуалитетот на секој државјанин на Република Македонија.

Очигледно во познатиот манир Владата на господинот Црвенковски не е во состојба да работи ниту ги посматра граѓаните на Република Македонија како полнолетни индивидуалитети со посебни карактеристики, специфики и сето она што го прави човекот да се чувствува човек во Република Македонија и се обидува граѓаните на Република Македонија што е можно повеќе да ги става во некакви си колективитети, заедници без оглед дали станува збор за колективитети во смисла на малцински заедници, по бојата на косата, по начинот на кој што тие се чешлаат или по бојата на очите. Мислам дека тоа апсолутно е во спротивност со сите универзални декларации за индивидуалитетот и правата и слободите на човекот како единка ние се обидовме тоа да го расчистиме уште во текот на пленарната расправа кога беше прв пат предложен, а подоцна и донесен Законот за локална самоуправа.

За жал тогаш не успеавме и со оглед на тоа како се одвиваат работите до сега потполно ни е јасно дека најмалку што му е потребно или најмалку за што размислува Владата на господинот Црвенковски тоа е индивидуалните права и слободи на Република Македонија.

Во таа смисла, за жал мораме да го истакнеме и политичкиот момент за обидот да се пролонгираат изборите  за еден месец. Ние зборувајќи за амандманската расправа во врска со територијалната поделба законите за децентрализација кои што сеуште се на дневен ред во Собранието на Република Македонија, неколку дискутанти од редовите на ВМРО го истакнаа фактот дека се остави еден мачен впечаток во јавноста дека пакетот закони за децентрализација, па и самиот предлог закон за територијална организација на Република Македонија, во јавноста е оставен впечатокот дека тој се договара на релацијата Тирана -

Белград - Скопје без притоа посериозно да се вклучи македонската јавност воопшто, не само на експертско ниво.

Беа допрени одредени прашања зошто беа потребни околу два месеци да се усогласи Владата на господинот Црвенковски пред да излезе со било каков став. Иако, во текот на денешната расправа, како што пишува и во образложеинето за дополнувањето на Законот за локални избори, предлагачот се повикува најмалку на Уставот на Република Македонија, се повикува на анекси А,Б,Ц, се повикува на сите семожни договори, преговори, најмалку се повикува на Уставот на Република Македонија и тоа не е ништо чудно затоа што во континуитет Владата на Црвенковски и неговите коалициони партнери докажуваат дека најмалку време губат занимавајќи се со Уставот на Република Македонија, а уште помалку време од тоа можеби само губат околу индивидуалните права и слободи на човекот во Република Македонија за што впрочем сме сведоци.

И овие два дена особено вчера на Мечкин Камен имаше повеќе полиција отколку граѓани кои сакаа..(Рекација на некој од пратениците во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете имате уште 5 минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Можеби сега имам почитувани колеги уште 5 минути, но незаборавајте можеби утре ќе имам 5 часа на располагање, така да ќе продолжиме за сето она што денеска нема да се каже, во текот на утрешната пленарна седница.

Мојата дискусија е во насока не многу различна од дискусијата кога се донесуваше Законот за локални избори, дека е во целост напуштен принципот на индивидуалитетот на граѓаните на Република Македонија. И тогаш се спротивставувавме и сега се спротивставуваме на политиката на Владата на Република Македонија исклучиво да ги гледа македонските граѓани само како дел од некаква си заедница, без оглед дали се припадници на малцинска заедница или на некоја друга, едноставно секогаш се обидува да ги калапи во некакви групи за, претпоставувам, дали е целта да се манипулира повеќе, но единствено можеме да заклучиме дека индивидуалитетот е целосн напуштен иако цело време ние овде како членови на законодавниот дом на Република Македонија  и институциите на системот на Република Македонија  комуницираат секојдневно токму со граѓанинот на Република Македонија. Значи, не само да се обраќате кон мнозинството, ние комуницираме со граѓанинот. Секој од тие луѓе има сопствено име и презиме.

Ние имавме една дискусија во петокот со господинот Јордановски и јас можам еве да ви најавам дека јас со задоволство утре ќе ви прочитам за било која општина имиња. Значи, апсолутно напуштен принципот на индивидуалност. Ние ги занемаруваме луѓето и едноставно се обидуваме да се обраќаме и да комуницираме со нив како со група.

Тоа апсолутн е неприфатливо и во поглед со меѓународните стандарди, а да не зборувам со македонските закони, затоа што ние во овие 8 години можеби сме докажале дека имаме и либерален устав, имаме либерални закони, па сепак во последно време некако не ни одат работите на меѓународен план.

Од тие причини јас нема да ги поддржам предложените измени на Законот за локални избори од страна на господинот Мемети, затоа што неговиот наредбодавач кој што му наложил да ги подготви овие измени очигледно не го доби тоа бидејќи отиде на кратка посета надвор од Република Македонија и ова го сваќам како еден обид да се оттргне вниманието на јавноста во Република Македонија на еден период кога некои работи кои сега целосно се неприфатливи, тогаш станаа малку повеќе прифатливи или што би се рекло по принципот на инерција на настаните да ги направи поприлагодливи или поподносливи одредени нелогични законски решенија за кои што сеуште ќе дискутираме во Собранието на Република Македонија кои се тесно врзани со предложениот закон за територијална организација и потоа и оние 28 точки за кои Владата тврди дека се во сферата на законите кои треба да ја третираат појавата на децентализација во Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Повелете господине Стаменков, вашите 10 минути.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Со Законот се предлага одлагање на изборите за еден месец, на локалните избори, и причината заради ова одлагање е роковите во кои што требаше ова Собрание да ги донесе пакетот на закони според новиот закон за локална самоуправа. Тоа се причините, требаше изборите да се распишат до 7 август и сега се доведовме во ситуација да го смениме терминот за одржување на изборите.

Ако се потсетиме на тоа дека претходните избори во 2002 година се одржаа на 10 септември ќе видиме дека според стариот закон како што беше за локални

избори, тоа е доста големо пролонгирање на мандатот на градоначалниците кои што беа избрани на претходните избори.

За оваа работа се обвинува опозицијата со своите долги дискусии дека го спречува мнозинството односно Владата да ги донесе законите кои што се во процедура во Собранието. Тоа не е точно и не треба така да се работи. По вака значајни работи за државата треба да се дискутира многу и да се изложат сите аргументи овде во Собранието. Едноставно Владата не си ја завршила својата работа навреме или задоцнила со целата оваа постапка овие закони да одат во Собранието можеби уште во првата фаза, а да не збориме во втораа фаза кога бевме сведоци на политички договарања, нагодби, пазарења во кафани и во туристички центри.

Тоа се смешни работи за една сериозна држава, судбината на државата да се крои во кафеани и во хотели, а без воопшто да се земе предвид мислењето на народот, желбата на народот и на сите други политички субјекти и владини и невладини организации кои што работат на територијата на Република Македонија. Да се седне во тесен круг двајца-тројца луѓе да го решат сето ова е жалосно за државата, жалосно за демократијата во Република Македонија.

Инаку, морам да кажам дека од почетокот оваа Влада сите овие закони ги споила и ги нарекува пакет на закони за децентрализација. Мора да бидеме начисто дека пакетот на закони за децентрализација како што го нарекува министерот за локална самоуправа, не е добар термин. Ние имаме точно пакет на закони за децентрализација каде навистина во нивната содржина е опфатено преминувањето на надлежностите од државата власт на локалната власт, имаме закон за финансирање на општините за да може тие да ги извршуваат надлежностите кои што се даваат со овој пакет на закони за децентрализација и имаме една обврска која што сега се повеќе и повеќе се наведува дека е обврска од Рамковниот договор, поделба на општинските граници според желбите на владеачките партии и морам да кажам потребите.

Овој закон не требаше воопшто да влегува во еден таков пакет за децентрализација или едноставно сакаше да се скрие дека овој закон е потребен на државата. Овој закон не и е потребен на државата. Овој закон само е потребен на некои луѓе во нивните глави за да одредени состојби поради опаѓањето на својот рејтинг кој што го имаа кај своето гласачко тело, посебно албанскиот дел на коалицијата во Владата, кој што има проблеми во овој дел да го подигне рејтингот.

На крај еве нешто повеќе направиле во однос на претходните партии кои што биле на власт од албанската националност.

Ова мораме да го кажеме дека е така и никако поинаку не е. Сигурно на граѓаните од општина Велешта им е подобро да живеат како досега од 1996 до 2004 година во посебна општина имаат подобар развој или Кондово или сите други општини кои што сега се спојуваат поради нивните желби дека нешто направиле со двојазичноста или со тоа што мислат дека ќе добијат градоначалник во Струга, градоначалник во Кичево или ќе пишува по таблите во Скопје на двата јазика.

Морам да ви кажам дека граѓаните на Република Македонија без разлика од која националност се дали се албанска, македонска или друга националност очекуваат оваа Влада да им го подобри животот односно да живеат побогато и поубаво. Нив не ги интересира дали во Скопје ќе се зборува двојазично или не.

Бидејќи е времето кратко, ограничено на 10 минути само сакам да спомнам дека референдумите кои што се одржаа во Република Македонија во 41 општина мора да се почиуваат бидејќи тоа е гласот на народот, тоа е гласот на сите оние кои што без разлика на партиска припадност излегле на референдумот и рекле дека сакаат да живеат во свои општини. Погрешно е толкувањето од страна на министерот за одбрана и премиерот на Владата кој што во емисијата Чуму рекоа дека ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков овде е министерот за правда, ве молам дискутирајте поконкретно.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Кој што го протолкуваа референдумот дека треба да се организира на територијата на новата цела општина која што се формира. Тоа е многу погрешно бидејќи референдумот се спроведува и се оранизира на територијата на постоечка општина, така да овие референдуми се организирани на територијата на постоечките општини согласно Законот за локална самоуправа и се во контекс на ратифицираната спогодба на Европската Унија за локална самоуправа, член 5 така што уште еднаш повикувам да се почитуваат законите кои се донесуваат во овој Парламент.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, министре,

Денес на дневен ред имаме измена на Законот за локална самоуправа и тоа само за локални избори и на неколку членови и тоа е всушност само одлагање на локалните избори за еден месец.

Кога сме веќе овде, министерот за правда даде би рекол само една реченица од образложение зошто се оди со измена на терминот од еден месец, а сето друго беше само образложение на законот што го донесе ова Собрание во изминатиот период, а тоа е дека согласно уставните амандмани и Рамковниот договор, во тек е собраниска расправа за донесување на пакетот закони за децентрализација на власта, поточно, двата клучни закони кои се поврзани со локалните избори, а тоа е законот за новата територијална организација на Република Македонија и Законот за град Скопје. Ако веќе се кажа во образложението на Владата дека во тек е собраниска расправа за донесување на пакетот закони, тогаш се поставува прашањето, господине министре, зошто еден месец. Од каде знаете дека за месец дена ќе заврши расправата по целиот пакет на закони за децентрализација во ова Собрание. Од друга страна, вие тоа го потврдувате со образложението овде дека двата клучни закони за локалните избори се Законот за новата територијална организација и Законот за град Скопје. Ние како Собрание ќе ги донесеме двата закони и потоа за другиот цел пакет на закони за децентрализација на власта едноставно мислите дека ќе биде доволно време до ноември месец да се донесат тие закони или прашање до Вас, што ако тие закони не се донесат до почетокот на изборите, односно јас би рекол до почетокот на кампањата затоа што не треба да чекаме сега до почетокот на изборите односно до 21 ноември, меѓутоа, треба да се донесат пред почетокот на кампањата затоа што едноставно кандидатите за градоначалници и кандидатите на советничките листи треба да имаат концепт на каков нажин ќе ја водат кампањата и што ќе им кажат на граѓаните од кои ги очекуваат гласовите. Ако е ова вака, сепак мислам дека за еден месец не може прво да има квалитетна расправа, а потоа да се донесат квалитетни закони. Затоа го предложивме амандманот, заради квалитетен Закон за територијална организација, меѓутоа, уште повежно квалитетни закони за цел пакет закони за децентрализација прво треба да се донесат, а потоа да се оди на избори, а тоа значи да има одреден период од 6 месеци, односно да се одржат локалните избори во април 2005 година. На ваков начин, кога кажуваме дека двата клучни

закони, Законот за територијална организација и Законот за град Скопје ќе ги донесеме, па потоа можеме да имаме избори, се доведуваме во ситуација и Владата, меѓутоа и Собранието едноставно да кажуваат дека децентрализацијата на нас односно на вас како Влада воопшто не ви е важна. Вам како Влада Ви е важна територијалната организација и Законот за град Скопје, воопшто за другите закони Вам не ви е важно да се донесат и мислам дека и ова всушност едноставно е одење, како што ќе каже ДУИ во целата оваа ситуација и дека едноставно и на ДУИ воопшто не му е важна децентрализацијата и пакетот закони за децентрализација, односно најважно од целата оваа работа што ја правиме во Собранието е да се донесе Законот за територијалната организација и на таков начин државата да каже дека ги донела законите за децентрализација, што не е така, затоа што, како што кажа и министерот за локална самоуправа, пакетот закони за децентрализација брои 29 закони. Затоа овде најпрво прашав зошто се предлага продолжување месец дена, дали мислите дека за еден месец ќе се донесат сите закони и што ќе се случи и со какво образложение ќе излезете евентуално околу 10 септември, ако дотогаш не ги донесеме овие закони. Истото образложение дека согласно уставните амандмани и согласно Рамковниот договор пак го продолжуваме рокот на изборите за уште еден месец, меѓутоа, тогаш ќе фати веќе декември и затоа уште еднаш потврдувам дека ние како ВМРО сакаме целиот овој пакет закони да се донесе со квалитетна расправа и квалитетни закони да се донесат, дадовме предлог и иако амандманот не се усвои, предлогот е до април месец 2005 година односно за 6 месеци навистина ова Собрание да може да донесе добар пакет закони за децентрализација, што е основна заложба и на Собранието и на Вас како Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Се отвори една дилема дали ќе се заврши преостанатиот дел од законите и како се оценува тежината, кои закони се потешки ако смееме така да дискутираме како пратеници, еве едно објаснување. За првиот закон за територијална организација сте поднеле 150 амандмани, а за другите 28 точки сте поднеле 12 амандмани. Самите вие ја правите тежината на овој закон и тука се оценува, или овој закон навистина е најзначаен и Вие сте поднеле 150 амандмани, или пак другите закони се квалитетни и не ќе биде проблем да се донесат, бидејќи и вие тука

немате некои забелешки. Очигледно по бројот на амандманите веднаш ќе се уочи разликата или кој закон е најзначаен или другите закони се поквалитетни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута, господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Само ќе кажам дека има уште 100 амандмани поднесени на законите и на некој начин за другите закони, кога ќе дојдат точките на дневен ред ќе се види дека законите не можат да се донесат како закони, туку ќе одат како нацрт закони. Затоа едноставно се бара пролонгирање за 6 месеци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Ќе се задржам исклучиво на законот што е предложен за измена односно на законот за локалните избори. За мене, а и за сите нас заеднички е ставот дека изборите се процес во кој и актуелната власт и опозицијата треба да се соочи со волјата на народот, со граѓаните и нормално да добие од нив оценка колку успешно ја практикува власта или колку успешна опозиција е. Тоа се изборите и затоа од изборите не само што нема бегање туку и не треба да бегаме и колку почесто тоа е можно да се прави и проверува толку повеќе ќе бидеме демократи и повеќе ќе практикуваме демократски процеси во Република Македонија.

Наоѓањето одредени оправдувања за одлагањето на изборите се разбира дека нема да ја промени волјата на граѓаните и тие ќе си го кажат својот збор, без оглед дали на изборите се оди со постојната регулатива или се оди со некоја нова регулатива.

Веднаш да кажам дека сум приսталица на одржување на изборите во предвидениот рок со постојниот закон за локалните избори, се разбира, имајќи ја предвид постојната регулатива што сега ја имаме односно законот кој предлагаме сега да биде изменет и со тоа се надевам и сум сигурен дека ќе се придружам на ставовите на претставниците на многу европски институции во Македонија кои неколку пати укажаа дека локалните избори во Република Македонија треба да бидат спроведени во предвидените рокови со постојниот закон.

Сега би сакал да аргументирам зошто имам ваков став, а истовремено би сакал да коментирам и две тези кои тука беа искажани, а кои одеа во прилог на одлагањето на изборите.

Прво, беше споменато дека постојната регулатива за спроведување на локалните избори нема да обезбеди успешни локални избори, оти не знам кои беа причините на тие кои таквите ставови ги искажаа, меѓутоа, ако појдеме од донесените закони, без оглед од која влада се предложени и од кое собрание се донесени, дали од поранешното или ова, тие имаат своја важност и претставуваат регулатива која е во примена. Тие закони се донесени и мора да се применуваат. Ако земеме и други закони кои овој Парламент ги донел - колку се тие кадри да ги решат прашањата од областа за кои се донесени, а колку не се ќе отидеме многу далеку, прашањето е дали за да ги одржиме локалните избори сега имаме нормативни претпоставки или немаме. Јас велам дека имаме нормативни претпоставки, а друго прашање е колку тие нормативни претпоставки на некого му одговараат или не му одговараат за спроведување на локалните избори. Значи, битно е дека имаме нормативна регулатива по која можат да се спроведат изборите, а не е битен фактот што не можеме да ги спроведеме бидејќи требало да имаме донесени некои закони кои сеуште не сме ги донеле. Во нормативата не ми е познат таков аргумент за да може изборите да бидат одложени затоа што сме имале донесено некои закони кои требало да бидат донесени.

Втората е повикување на Рамковниот договор во врска со обврската ревидирање на општинските граници. Тоа исто така за мене не е императив за одлагањето на изборите, затоа што таквиот став фактички е политички договор на партии, а не е извор и не е израз на волјата на граѓаните. Вие самите знаете и многу пати овде повторивме дека за менувањето на границите на единиците на локалната самоуправа мора да ги почитуваме и постојните прописи и оние што сме ги потпишале како обврска со Европската заедница, а тоа е Повелбата што многу пати овде ја спомнавме, која изрично зборува за учеството на единиците на локалната самоуправа, односно на нивни претставници во креирањето и менувањето на границите на локалната самоуправа. Бидејќи тоа не е спроведено, а е наша обврска да биде спроведено, не знам колку до крај има легитимитет ваквиот политички договор, значи политичкиот договор да се врзува со обврската за донесување на овој закон за ревидирање на границите на локалната самоуправа.

Затоа, уште еднаш ќе повторам, мислам дека изборите треба да бидат на време одржани, за тоа имаме нормативни претпоставки и со тоа ќе бидеме на линија на ставовите на европските институции кои укажуваат дека изборите треба да бидат

одржани на време, односно во рокот што е предвиден со постојниот закон за локални избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Господине Караџоски, процедурално повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, сакам да го изнесам ставот на пратеничката група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Откако е заклучен претресот не може. Можевте да го изнесете пред да се заклучи претресот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сакаме да изнесеме како ќе настапиме во однос на гласањето. Не зборувам ни за текст, ни за претрес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, господине Караџоски. Во Деловникот никаде тоа не го пишува, а вие можевте да го кажете својот став и 10 пати го кажавте поединечно својот став.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи е заклучен претресот, почитувани пратеници, ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Службите нека ги изброjат гласовите.

За предлогот гласале 17 пратеници.

Кој е против, молам да крене рака.

Нема против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува.

На седницата присуствуваат 17 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 17 пратеници, нема против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на локалните избори.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 75 седница на Република Македонија.

Ве информирам дека утре во 10,00 часот ќе продолжиме со 72-та седница на Собранието.

(Седницата заврши во 15,00 часот).